**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Финансиско образование

## за VII, VIII или IX одделение

- Слободниот изборен предмет учениците може да го изберат во 7. одделение во учебната 2024/25 година, во учебната 2025/26 слободниот изборен предмет им се нуди на учениците во 7. одделение и во 8. одделение, а од учебната 2026/27 може да го бираат учениците од 7. до 9. одделение.

**Скопје, 2024 година**

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја: **VII. Техника, технологија и претприемништво.**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| VII-А.11 | да донесе одлука за натамошно школување врз основа на сопствените интереси, способности и можности, земајќи ги предвид потребите на пазарот на трудот; |
| VII-А.12 | да ги објасни поимите штедење и позајмување и да прави разлика меѓу штедење на краток и долг рок; |
| VII-А.13 | да планира рационално и економично да ги распределува и/или троши парите со кои располага. |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: **I. Јазична писменост, III. Математика и природни науки, IV. Дигитална писменост и V. Личен и социјален развој**

Ученикот/ученичката знае и/или умее:

| | |
|---|---|
| I-А.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-А.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-А.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| III-А.3 | да испитува намалување или зголемување во проценти, вклучувајќи едноставни проблеми поврзани со личните или домашните финансии (пример: камата, попуст, добивка, загуба и данок); |

| | |
|---|---|
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и да размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот; |
| III-A.26 | да ја оценува ефикасноста на различните пристапи на решавање на проблемот и да ја подобрува постапката на решавање; |
| III-A.27 | да користи математички апликации за решавање на различни проблемски ситуации и за проверување на знаењата; |
| III-A.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина; |
| III-A.53 | да ги анализира односите  меѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво; |
| IV-A.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-A.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања  со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |

| | |
|---|---|
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. |

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

| | |
|---|---|
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.2 | знаењата од математика наоѓаат примена во многу области од секојдневното живеење; |
| III-Б.3 | знаењата од математика се неопходни за усвојување на знаењата од други предмети и научни дисциплини; |
| III-Б.6 | природните ресурси на Земјата се ограничени и дека нивното неодговорно искористување има последици по квалитетот на животот; |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. Управување со моите пари**

***Знаења/вештини:***

- Планира и изработува буџет за своето сегашно и идно трошење и штедење.
- Ги прилагодува своите планови за користење на парите доколку околностите се менуваат.
- Препознава краткорочни и долгорочни финансиски цели.
- Ги идентификува ситуациите за кои е соодветно позајмување на пари.
- Прави разлика меѓу планираното и непланираното позајмување на пари.
- Објаснува дека инвестициите се начин за оплодување односно зголемување на расположливите средства.

***Ставови/вредности:***

- Има проактивен пристап кон управување со своите пари.
- Смета дека буџетирањето е важна алатка за паметно управување со парите.
- Прифаќа дека е непходно штедење за неочекувани итни случаи и за работи кои не може да си ги дозволи во моментот.
- Разбира дека планирано и организирано штедење и позајмување на подолг временски периоди е корисно за ефективно управувањето со парите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • **Планирање и буџетирање** (желба, потреба, буџет, буџетирање, приход, фиксни трошоци, варијабилни трошоци, останати трошоци, профит)<br>број на часови: **6** | • На учениците, поделени во парови, им се даваат картички на коишто пишува ЖЕЛБА и ПОТРЕБА и им се презнтира замислена ситуација: Се наоѓаат во супермаркет полн со најразлични производи. Шетајќи меѓу гондолите со картичките ги обележуваат производите кои ги сакаат и кои им требаат. Преку следните прашања учееницините објаснуваат како го избираат производот што го клупуваат: Кои се трите прашања што си ги поставивте за да одредите дали некој производ е желба наспроти потреба? Што е за вас ЖЕЛБА, а што ПОТРЕБА? Зошто мислите дека е корисно да се знае дали нешто е потреба или желба? По одговарање на овие прашања учениците (на пример со користење на Mentimetar, Padlet, Kahoot и сл.) кажуваат три работи кои им потреба или желба. Во отворена дискусија се заклучува како се одредуваат приоритетите (меѓу потреба и желба) и дека тиеј се разликуваат кај различни поединци. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците на хамер цртаат круг на кој треба процентуално да одбележат колку од парите што ги добиле за роденден (на пр. 1000 денари) ќе ги распределат на ПОТРЕБА, ЖЕЛБА и ЗАШТЕДА. Како што ќе ги распределат процентите, секој дел од кругот ќе го обележат и обојат („пита“). Учениците меѓусебе дискутираат зошто токму така ги распределиле парите добиени за роденден.<br>• Учениците следат визуелна презентација за буџетирањето, една од основните алатки што се користи за управување со парите. Учениците со свои зборови објаснуваат зошто е толку важно да се направи буџет и како да се придржуваат до него. Потоа им се презенетира студија на случај, на пр. „Твоето другарче неделно добива џепарлак,  но се чини дека секогаш нема пари кога и да треба да купи сок или да гледа филм во кино. Му препорачувате да направи буџет, но тој вели: „Нема шанси! За тоа би требало толку многу труд, и мислам дека сепак нема да успее! Не вреди!’“ Учениците, во мали групи, изработуваат буџет врз основа на „џепалкот“, а потоа секоја група го презентира сработеното. На крај заклучуваат дека буџетирањето помога во управување со своите пари.<br>• Учениците развиваат дискусија одговарајќи на прашањето: „Кои се петте работи за кои нивните родители/старатели ги плаќаат редовно секој месец?“ На крајот од дискусијата учениците на лист хартија цртаат табела со три колони (фиксни трошоци, варијабилни трошоци и останати трошоци ) и во секоја од нив ги запишуваат работите за кои родителите/старателите секој месец плаќаат (на пр. кирија, рата за кредит, сметка за струја, вода, телефон, Интернет, осигурување, храна, обувки, училишен прибор...) Потоа учениците поделени во групи со свои зборови објаснуваат „Зошто е неопходно родителите/старателите да одвојуваат пари за наведените работи во табелата со трошоците?“ Секоја од групите ги презентира своите наоди пред соучениците.<br>• Учениците поделени во групи изработуваат месечен буџет за едно четиричлено семејство под претпоставка дека се „возрасни“ и дека се вработени. Висината на приливот на пари (плата) самите го одредуваат, како и распределбата на парите што ги добиле за тој месец. При изработувањето на пресметките, учениците даваат детален приказ на трошоците и заштедите (пр. во Excel). Доколку има заштеда, учениците објаснуваат за што би ги намениле и како би ги испланирале тие пари (пр. летен или зимски одмор, поправка на оградата, уредување на дворот и сл.). Учениците, група по група, ја презентираат сработената задача. По презентацијата се прави рефлексија за важноста на планирањето на парите и буџетирањето. |
| • **Планирано штедење и позајмување**<br>(штедење, штедна книшка, штедна сметка, камата, кам | • Учениците на лист хартија запишуваат најмалку 10 цели за коишто би сакале да штедат. Некои од целите може да бидат големи, како што е штедење за продолжување на образованието на факултет, додека други може да бидат мали, како штедење доволно за да се купи нов шешир за сонце. Целите можат да бидат и нешто помеѓу, како штедење за нов велосипед. Откако ќе ги запишат целите, истите ги подредуваат во табела во следните категории: |

| | |
|---|---|
| атна стапка, позајмување)<br>број на часови: **6** | - краткорочни цели: оние коишто би сакале да ги постигнат во рок од два до шест месеци;<br>- среднорочни цели: оние коишто би сакале да ги постигнат во рок од шест месеци до две години;<br>- долгорочни цели: оние што би сакале да ги постигнат за три или повеќе години.<br>Учениците одговараат на прашањето за која од целите, во секоја категорија одделно, најмногу би биле мотивирани да штедат. Притоа објаснуваат и зошто.<br>• Учениците следат визуелна презентација за причините и целите за штедење на своите пари. По дискусијата за причините и целите за штедење, на учениците им се презентира сценарио, на пример: Од родителите/старателите добиваат одредена сума пари за извршување на домашните работи и од нив можат да заштедат 1000 денари месечно. Учениците ги распределуваат парите согласно трите цели за штедење (краткорочни, среднорочни, долгорочни) и објаснуваат зошто токму се определиле за таа стратегија.<br>• На учениците им се дава проблемска задача како пример за пресметување колку и за колку време треба да штедат за одедена цел. На пример: Братучетка ми сака да купи компјутер што ќе може да го користи за следната учебна година, односно за 9 месеци. По спроведено истражување на пазарот заклучува дека може да купи компјутер со вклучен попуст за сума од 12 000 денари. Таа прави скица на нејзиниот план за штедење за оваа среднорочна цел.<br>Колку денари треба да заштеди секој месец за да го купи компјутерот?<br>12000 денари ÷ 9 месеци = 1333,33 месечно<br>Колку денари треба да заштеди неделно?<br>1333,33 денари ÷ 4 недели = 333,33 денари неделно<br>Колку денари треба да заштеди дневно?<br>333,33 денари ÷ 7 дена = 47,62 денари дневно (Тоа е помалку од 50 денари дневно!)<br>Откако ќе пресметаат, учениците објаснуваат од кои вообичаени навики за трошење би можеле да се откажат во еден ден, во една недела или во еден месец за да ја остварат својата посакувана цел?<br>• Учениците посетуваат банка во близина на училиштето каде што се запознаваат со банкарските производи и услуги. На учениците им се демонстрира што е платежна сметка, штедна сметка и штедна книшка, како и условите што ги дава банката доколку сакаат парите да ги депонираат во банката за остварување на своите идни цели (пр. депозит, каматна стапка, камата, пристап до своите пари, електронско банкарство – електронско следење на парите и сл.). Учениците дискутираат за предностите за штедење во банка. Потоа индивидуално пресметуваат, на пример: Ако депонирале |

<table>
<tr><td></td><td>5000 денари на штедна книшка со годишна каматна стапка од 5%, за колку ќе се зголемат парите за 1 година и за 10 години? За пресметката ја користат формулата:<br>i = K x p x t<br>Каде што:<br>K – основната сума на која се пресметува каматата; i – камата; p – каматна стапка изразена во проценти (%); t – време за кое се пресметува каматата.<br>• На учениците им се демонстрира студија на случај, на пример: Синот на соседот од есен треба да почне да студира. Соседот нема доволно средства за да му овозможи на синот да студира. Учениците развиваат дискусија за ПРЕДНОСТИТЕ и НЕДОСТАТОЦИТЕ доколку соседот позајми пари од роднини и пријатели. Преку игра на улоги учениците демонстрираат ситуација во која соседот позајмува пари од банка за кои за одреден период (до враќање на парите) треба да плати камата. Учениците дискутираат за ПРЕДНОСТИТЕ и НЕДОСТАТОЦИТЕ доколку соседот позајми пари од банка. Во табела во парови учениците ги запишуваат причините за кои навистина вреди да се позајмат пари од банка и за начините за враќање на „позајмените“ пари (камата, рати, време на отплата).</td></tr>
<tr><td>• Инвестирање во мојата иднина<br>(инвестирање, капитал, пензиски фонд, инвестициски фонд, хартии од вредност, акции)<br>број на часови: 4</td><td>• Учениците имаат гостин предавач (родител/старател вработен во банка, економист и сл.) со кого развиваат дискусија за тоа како инвестирањето може да биде алатка за зголемување на нивните пари и за создавање на капитал (богатство) за остварување на идни цели (продолжување на образованието, купување куќа, започнување на бизнис, лекување, пензионирање...). На учениците им се демонстрираат примери за инвестирање во пензиски фонд, инвестициски фонд, хартии од вредност, акции.<br>• Учениците пополнуваат табела во која ги наведуваат карактеристиките на штедењето и инвестирањето. И покрај тоа што штедењето се чини „поедноставно“ учениците објаснуваат зошто луѓето и штедат и инвестираат.<br>• Учениците развиваат дискусија одговарајќи на прашањата: Дали штедиме само пари?; Дали инвестираме за да ги зголемиме своите пари за остварување само на лични цели? Учениците даваат примери со илустрации за штедење на водата, нафтата, електричната енергија, како и за инвестирање во заштита на животната средина (пр. рециклирање, управување со отпадот, намалување на емисии од $CO_2$, употреба на сорални панели, изградба на ветерници...)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тема 2.  Одговорен потрошувач</td></tr>
<tr><td colspan="2">Знаења/вештини:</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Идентификува начини како да се справи со несаканиот притисок за неразумно трошење на своите пари.</td></tr>
</table>

- Донесува паметни одлуки како потрошувач преку споредување на цените, квалитетот и прави разлика меѓу инстиктивното трошење и планираните набавки.
- Носи информирани одлуки врз основа на своите или потребите на другите.
- Ги објаснува причините и потребата за заштита на потрошувачите.
- Опишува како може да ги оствари своите права како потрошувач.

***Ставови/вредности:***

- Прифаќа дека само одговорниот потрошувач може да прави одговорни избори за штедење и трошење.
- Верува дека треба добро да се информира пред  да донесе одлука и да направи избор.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • **Споредување на производи и услуги, медиумски притисок** (потрошувач, трошење пари, носење одлуки, споредување, нечесни трговски практики) број на часови: **4** | • Учениците се делат во групи и им се даваат две сценарија за коишто треба да размислат и да напишат краток одговор. На пример: 1. Вашиот родител/старател вели дека ќе ви купи нова јакна за следната зима. Како ќе одлучите која јакна да ја купите? 2. Каква би била вашата одлука доколу вашиот родител/старател рече дека ќе плати половина, а вие треба да ја платите другата половина за јакната?<br>• На учениците им се задава задача насловена, на пример „Патиките кои сакам да ги купам“. Учениците во парови истражуваат на Интернет за три можности за „патаки кои сакаат да ги купат“. Во табела ги запишуваат трите најдобри можности согласно <u>планираниот буџет</u>, <u>споредба на прозводите</u> (квалитет, гаранција...), <u>споредба на цените и условите за купување</u> (попуст, плаќање на рати...). Учениците ја презентираат според нив најдобрата можност за „патаките кои сакаат да ги купат“. На крајот учениците даваат примери зошто при купување не треба да се гледа само цената на производот.<br>• Учениците даваат примери одговарајќи на прашањата: Дали некогаш виделе производ чија цена завршувала со 99 денари? Зошто трговците го прават тоа? Потоа следат визуелна презентација на медиумско претставување/рекламирање на одреден производ (на пр. шампон за коса, крем за сончање, овошен јогурт и сл.) каде што се нагласува „Купи еден, добиј еден!“, „Со купување на производот добиј го вториот бесплатно!“, „100% органско“, „Само денеска!“ и сл. По следењето на визуелната презентацијата учениците одговараат на прашањето: Кои се трговските практики на продажби или специјални понуди коишто можат да бидат нечесни? |
| • **Заштита на потрошувачите** (етичко и одржливо расудување и размислување, | • Учениците прават анкета за нивното мислење и однесување како потрошувачи. Анкетата ја спроведуваат усно или преку MS Forms, Google Survey и сл.  Во анкетата вклучуваат прашања како:<br>- Дали ги земаш во предвид и етичките вредности пред да купиш одреден производ?<br>- Дали си подготвен да споделиш или позајмиш производ наместо да купиш нов? |

<table>
<tr><td>заштита, совет)<br>број на часови: 4</td><td>- Дали би купил производ со помал квалитет кога би бил поетички произведен?<br>- Дали би дал повеќе пари на еквивалентен производ доколку тој се произведува поетички и одржлив?<br>- Дали би одбиле да го купите производот доколку не е етички и одржливо произведен?<br>Анализираните резултати од анкетата учениците ги презентираат во графици. Учениците ги објаснуваат резултатите.<br>За споредба, учениците истражуваат на Интернет за трендовите на потрошувачите во светот. На пример: позната компанија за производство на чоколада користи палмово масло наместо путер; компанија за облека како работна сила користи малолетни девојчиња; компанија за производство на сокови тврди дека амбалажата е рециклирачка, но докажано е дека не е така, и сл.<br>• Учениците играат улоги во парови или во групи (потрошувач - консултант). Учениците на лист хартија или на компјутер/таблет изработуваат табела со <u>Прашања</u> и <u>Можни совети, насоки и извори</u> (најмалку три прашања). На пример:<br><u>Потрошувачот</u>: Патиките што ги купив пред една недела, се одлепија. Трговецот не го интересира и не прима приговор за неговиот производ. Каде да се пожалам?<br><u>Правниот консултант:</u> Согласно Законот за заштита на потрошувачите (линк: chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://economy.gov.mk/content/documents/Zakoni/%D0%97%D0%97%D0%9F%20-%D0%9C%D0%9A.pdf), треба да се обратиш до Државниот пазарен инспекторат кој што врши надзор на пазарот. Доколку сакаш да се посоветуваш за правата на потрошувачите, можеш да се обратиш до организацијата за заштита на потрошувачите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тема 3. Управување со ризици поврзани со парите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Знаења/вештини:</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Ги презема потребните чекори за заштита на својот идентитет.<br>• Ги презема потребните чекори за заштита на своите пари.<br>• Ги опишува безбедните активности за минимизирање на финансиските ризици, особено при користење дигитални финансиски услуги.<br>• Опишува зошто осигурувањето е важно.<br>• Идентификува ситуации кога може да има потреба од осигурување.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| <ul><li>Развива свесност дека може да биде жртва на измама или кражба на идентитет и дека тоа може да има последици врз него/неа или неговото/нејзиното семејство.</li><li>Прифаќа дека неуспехот во проценката и управувањето со ризикот може да доведе до последици кои влијаат на финансиската иднина и на социјалната и емоционалната благосостојба.</li><li>Ја цени улогата што осигурувањето ја игра во одржувањето на финансиските средства и безбедноста.</li></ul> | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| <ul><li>**Измама и кражба на идентитет**</li></ul>(измама, кражба на идентитет, фишинг-phishing)<br>број на часови: **4** | <ul><li>Учениците развиваат дискусија одговарајќи на прашањето: Дали тие или некој што го познаваат добил порака на својата приватна имејл адреса или текстуална порака на приватниот мобилен телефон со која се наведува дека, на пример „добиле парична награда“ или „да уплатат пари на следната сметка за да подигнат производ“ или „понуда за работа во друга држава“. Учениците објаснуваат дали пораката е обид за измама. Исто така, учениците го изразуваат своето мислење во однос на тоа што се обидуваат да направат луѓето кои испраќаат лажни пораки во кои бараат да им се достават лични податоци, (т.н. фишинг пораки) како матичен број на родените, број на лична карта, број на пасош, број на банкарска сметка, ПИН или лозинка и сл.</li><li>На учениците им се дава квиз (Mentimetar, MS Forms…) на кој одговараат со ТОЧНО и НЕТОЧНО на следните прашања: Дали користењето на јавен WI-FI е безбедно? Само на возрасните може да им се украде идентитетот? Може да се украде идентитетот само ако се знае матичниот број на раодените? На крајот од квизот учениците развиваат дискусија за тоа дека кражбата на идентитет е сериозен криминал (фишинг) и дека се случува кога некој користи туѓи лични инфорамции без дозвола. Потоа поделени во групи на лист хартија учениците запишуваат за што може крадецот на идентитет да го користи нивното име и нивните лични податоци. (на пр. да купува производи, да подигне кедит од банка и сл.).</li><li>Учениците во парови читаат статија за разни измами кои денес се насочени кон тинејџерите. На пример, денес тинејџерите поминуваат многу време на Интернет, што ги прави совршена цел за онлајн измамниците чија основна намера е кражба на лични податоци/информации и пари. Најчести измами на кои тинејџерите треба да внимаваат се: измами при купување на Интернет; лажни натпревари; онлајн квизови; „ловци на таленти“; измами со трансфер на пари; измами со онлајн игри; измами со финансиска помош; „бесплатни услуги“ и сл. По читањето на статијата, учениците одговараат на прашањето: Што можеме да направиме за да си ги заштитиме нашите лични податоци/информации? На табла се запишуваат одговорите. На пример: да бидеме свесни за видовите измами и последиците од тие измами; да купуваме само од доверливи веб-страници; да не</li></ul> |

| | |
|---|---|
| | кликаме на непознати линкови добиена во е-пошта, во текстуална порака или промотивни понуди; да не ги споделуваме нашите (или на член од семејството) личните податоци/информации (адреса, роденден, телефонски број и сл.); да не споделуваме лозинки и пинови дури и со другарите; да не зачувуваме лозинки на јавни компјутери. |
| • **Осигурување од ризици** (осигурување, полиса) број на часови: **3** | • Учениците ги запишуваат предметите што ги имаат во својата соба или некоја друга соба во својот дом (кревет, маса, комода, телевизор, лустер...) и до нив ја забележуваат произволната вредност во денари. Откако ќе ја пресметаат вкупната вредност на предметите во собата, дискутираат одговарајќи на прашањата: Колку време би било потребно за повторно да се купат сите тие предмети во случај на некоја несреќа (на пр. поплава, пожар, земјотрес)? Што е најдобро да се направи за да се заштитиме од ваков ризик, односно од толку голема финансиска загуба?<br>• Учениците во парови на Интернет истражуваат за видовите на осигурувања, како и за придобивките од осигурувањето. Резултатите од истражувањето ги презентираат во Power Point. Потоа учениците преку игра на улоги симулираат реална ситуација на вложување во осигурување преку договор за осигурување (полиса) како средство што овозможува заштита во случај нешто несакано да се случи по нашиот живот и на нашето семејство или на нашиот имот (куќа, стан, автомобил, мебел...) |

**Тема 4. Улогата на парите во мојот живот**

***Знаења/вештини:***

- Ја објаснува улогата што ќе ја има работата/кариерата во задоволувањето на своите идни желби и потреби.
- Објаснува дека финансиската независност придонесува до севкупна благосостојба.
- Опишува зошто е неопходно оданочувањето, јавните приходи.

***Ставови/вредности:***

- Го цени изборот што го прави за својата кариера и за својот живот, на пр. да живее самостојно, да продолжи со образованието, да се вработи или да биде самовработен.
- Верува дека е одговорен за својата идна финансиска сигурност и дека може да ја подобри сопствената финансиска состојба преку изборот што го прави.
- Прифаќа дека парите од даноците што ги собира државата се користат за општо добро.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • **Работа/кариера и мојата идна финансиска сигурност и благосостојба**<br>(работа, кариера, плата, заработување, благосостојба)<br>број на часови: **3** | • Учниците претпоставуваат дека имаат 30 години и треба да ја замислат својата иднина. Со техниката Грозд во средина запишуваат МОЈОТ ЖИВОТ ВО ИДНИНА, а го поврзуваат со зборовите, на пр. ОБРАЗОВАНИЕ, РАБОТА/КАРИЕРА, ФИНАНСИИ, КАДЕ ЖИВЕАМ, СМЕЈСТВО и сл. За полесно да дојдат до идеите, учениците одговараат на следните прашања: Какво образование имате?; Каква работа или кариера имате?; Каде живеете, во која држава, во кој град, село?; Живеете во куќа или во стан?; Со кого го поминувате времето?; Какви ви се финансиите? и сл. Откако ќе ја завршат задачата, учениците ја презентираат замислата на својот живот во иднина и објаснуваат зошто е важно да се размислува за поставените цели во животот.<br>• Учениците преку бура на идеи дискутираат за прашањата кои би ги поставиле при изборот на кариера. На пример, Дали имам вештини и образование за кариерата што ја посакувам?; Дали сакам да ја работам таа работа?; Дали со таа работа ќе си го овозможам животниот стил што го посакувам и ќе можам да си обезбедам финансиска сигурност и благосостојба?; Која е платата и какви се потенцијалите за заработување?; и сл.<br>• Учениците во парови истражуваат на Интернет која е платата и можностите за заработување на паралелно две професии, на пример социјален работник и електро инженер. За да ја направат споредбата, учениците одговараат на прашањата: Која е почетната плата на социјалниот работник? Која е највисоката плата што може да ја има социјалниот работник? Дали сметате дека социјалните работници имаат голем потенцијал за заработка? На истите прашања учениците одговараат за електро инженерот. Одговорите ги запишуваат во Т-табела. |
| • **Личните финансии и јавните приходи**<br>(јавни приходи, даноци)<br>број на часови: **2** | • Учениците развиваат дискусија одговарајќи на прашањето Дали би одвоиле од личните финансии за остварување на некоја општа цел? На пример, изградба на училиште, болница, патишта и сл. На учениците им се презентира видео запис за јавните приходи/даноците што се наплаќаат од граѓаните и стопанството заради обезбедување на средства за финансирање на функциите на државата за задоволување на општите и заедничките потреби.<br>Учениците во групи на лист хартија ги распределуваат по важност парите од даноците со кои располага државата на следниве области: Социјална заштита, Здравство, Образование, Земјоделство, Транспорт. Потоа учениците објаснуваат зошто токму така ги распределиле парите. На крајот учениците одговараат и дискутираат на прашањето: Какво влијание може да има намалувањето на даноците? |